# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Број: 4
Година: 2026
Датум: 23.04.2026

opve@veles.gov.mk

www.veles.gov.mk

Велес, Април 2026

# СОДРЖИНА

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за разгледување Информација за реализација на паркинг простор на ГП 84 согласно ДУП: за УЕ 1, УБ 10 Велес ........ 5

З А К Л У Ч О К за разгледување Информација за реализација на паркинг простор на ГП 84 согласно ДУП: за УЕ 1, УБ 10 Велес ........ 5

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година ........ 6

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес ........ 9

З А К Л У Ч О К за донесување Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес ........ 9

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес ........ 10

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес........ 11

О Д Л У К А за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес ........ 11

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Правилник за начинот и постапката за организирање и одржување на Фестивалот на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“........ 13

З А К Л У Ч О К за донесување Правилник за начинот и постапката за организирање и одржување на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино – ПИТИЈАДА“ .... 13

ПРАВИЛНИК за начинот на организирање и одржување на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - ПИТИЈАДА“ ........ 14

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за формирање на Организациски одбор на Фестивал на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“ ........ 16

О Д Л У К А за формирање на Организациски Одбор на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - ПИТИЈАДА“........ 16

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“ ........ 17

З А К Л У Ч О К за донесување Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби ........ 18

ПРАВИЛНИК за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“........ 18

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар - Шепа Кавадарци ........ 21

ОДЛУКА за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци ........ 21

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес ........ 23

О Д Л У К А за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес ........ 23

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен" Велес ........ 25

О Д Л У К А за ставање вон сила на Одлуката за давање натрајно користење движна ствар – машина за бележењена хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен" Велес ........ 25

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес ........ 26

О Д Л У К А за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи" Велес ........ 27

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село ........ 28

О Д Л У К А за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село ........ 28

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес ........ 29

ОДЛУКА за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес ........ 30

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година ..... 31

О Д Л У К А за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година ........ 31

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен клима уред за 2026 година........ 32

О Д Л У К А за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен инвертер клима уред за 2026 година ........ 33

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година ........ 34

О Д Л У К А за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година ........ 34

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година ........ 35

З А К Л У Ч О К за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година ........ 36

П Р О Г Р А М А за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година ........ 36

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес ........ 49

З А К Л У Ч О К за донесување Програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес ........ 50

П Р О Г Р А М А за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Велес ........ 50

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на Нацрт Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ“ (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски“ и ул. „Новопланирана улица 1“ Општина Велес (Обединета постапка) ........ 51

О Д Л У К А за утврдување на Нацрт Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ“(Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски“ и ул. „Новопланирана улица 1“ Општина Велес........ 52

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Извештај за работењето и резултати по завршна сметка на ЈКП „Дервен“ Велес во 2025 година ........ 53

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештај за работењето и резултати по завршна сметка на ЈКП „Дервен“ Велес во 2025 година........ 54

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Статутот на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес ........ 54

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Статутот на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес .. 55

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Стојан Бурчевски – Буридан“ с.Иванковци, Велес за 2027 година ........ 55

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ – с. Иванковци-Велес за 2027 година........ 56

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за 2027 година........ 56

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишен план за вработување на ООМУ „Стефан Гајдов“ – Велес за 2027 година ........ 57

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес за 2027 година........ 57

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ОСУ „Јовче Тесличков“, Велес за 2027 година ........ 58

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес за 2027 година........ 59

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес за 2027 година ........ 59

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2026 година ........ 60

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“, Велес за 2026 година ........ 60

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“ за 2027 година........ 61

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишен план за вработување на ССОУ „Димитрија Чуповски“, Велес за 2027 година ........ 62

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност за отпис и расходување на основни средства (опрема, ситен инвентар и др.) на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари........ 62

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства (опрема,ситен инвентар и др) на ООУ „Рајко Жинзифов “ – Горно Оризари, Велес........ 63

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност за отпис и расходување на основни средства неупотребливи учебници на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес ........ 63

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност за отпис и расходување на основни средства – неупотребливи учебници на СОУ „Гимназија Кочо Рацин “- Велес.................................................. 64

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Извештај за работата на Општинскиот Совет за превенција на детско претстапништво за 2025 година ................................................................ 64

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештај за работата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Велес за 2025 година............................................................................ 65

З А К Л У Ч О К за објавување Одлуката за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво........................................................................................................................ 65

О Д Л У К А за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес ............................................................................................................................................. 66

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за престанок на мандат на членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес .................................................................................. 68

Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандат на членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес........................................................................................................................ 68

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес ................................................................................................. 69

Р Е Ш Е Н И Е за именување членови во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општина Велес ........................................................................................................................................................ 69

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за престанок на мандат на член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес ............................................................................................................................. 70

Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандат на член на Управен одбор на ЈКП ,,Дервен“ Велес......... 71

**Гласник 04-2026**

**Излегува по потреба**

**Започнува со страна 1**

**Дата на објавување 23.04.2026 г.**

**Бр.127**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за разгледување Информација за реализација на паркинг простор на ГП 84 согласно ДУП: за УЕ 1, УБ 10 Велес**

Се објавува Заклучокот за разгледување Информација за реализација на паркинг простор на ГП 84 согласно ДУП: за УЕ 1, УБ 10 Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/1
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за разгледување Информација за реализација на паркинг простор на ГП 84 согласно ДУП: за УЕ 1, УБ 10 Велес**

1.Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за реализација на паркинг простор на ГП 84 согласно ДУП: за УЕ 1, УБ 10 Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/3
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.128**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/2
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 година и Службен весник на Република С.Македонија бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен весник на Република Македонија бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016), по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,
Советот на Општина Велес на 10. седница, одржана на ден 23.04.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Велес**
За **2026** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаВелес за 2026 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 4.739.616 | 29.680.373 | 0 | 0 |
| | | **4.739.616** | **29.680.373** | **0** | **0** |

и се распредуваат на следните расходни потаставки :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 426.551 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| **K30** | **МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 800.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 120.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 650.000 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 350.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 160.000 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 544.269 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 13.260.737 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 600.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 2.318.829 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 3.646.819 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 4.271.881 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 1.661.287 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 239.616 | 0 | 0 | 0 |
| **VA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | **4.739.616** | **29.680.373** | **0** | **0** |

Претседател на Советот на Општината
**Даниел Јаневски**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со првата Одлука, се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес на сметка за дотации во износ од **29.680.373** денари и самофинансирачката сметка во износ од **4.739.616** денари.

Во колоната на самофинансирачки активности се врши проширување на Буџетот за **4.739.616** денари. Приходот е од пренесени вишоци на приходи од минати години. Ова е на барање на Детската Градинка „Димче Мирчев“, односно програма *В1 – Детски градинки* – **4.739.616** денари. Во табелата може да се проследат потставките на кои буџетскиот корисник бара проширување.

Во колоната за дотации се врши проширување на Буџетот за **29.680.373** денари, средства кои исто така се дел од пренесени вишоци од претходни години. Буџетски корисници на територија на Општина Велес доставија барања, кои се сумирани во табелата. Поделени по потпрограми и потставки изнесуваат вкупно:

*К1 – Библиотекарство* – **626.551** денари;
*К3 – Музеј и кинотечна дејност* – **3.294.269** денари;
*Н1 – Основно образование* – **13.260.737** денари;
*Н2 – Средно образование* – **6.565.648** денари;
*В1 – Детски градинки* – **5.933.168** денари.

**Бр.129**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/3
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес**

1.Советот на Општина Велес го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/5
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за утврдување критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес од Програмата на Советот на Општина Велес со арх бр. 09-1014/12 од 17.02.2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/26) и тоа:

**1)** Во член 5 став 1, алинеја 3 се брише и се заменува со текстот: „физички лица, жители на општината со здравствена неповолона состојба за лекувања во странство“.

**2)** Во член 8 став 1 алинеја 2 се брише и се заменува со текстот: „да се докаже здравствената неповолна состојба со документација-медицински извештаи, фактури и сл. за болничко лекување во странство издадени од соодветна здравствена установа.

**3)** Во член 7 став 1, се додава алинеја 4 која гласи: барањето да биде поднесено најдоцна 3 месеци од денот на настанувањето на штетата.

### Член 2

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/5
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.130**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес**

Се објавува Одлуката за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/4
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на средношколци – матуранти/идни студенти за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со седиште во Велес**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува правото на субвенционирање на партиципација за упис на седум (7) средношколци-матуранти/идни студенти од средните училишта на територијата на Општина Велес, на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола.

**Член 2**

Право на субвенција имаат средношколци-матуранти/идни студенти кои:
-завршиле средно образование
-се жители на Општина Велес;
-се запишуваат во прва година на студии на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола во Велес на прв циклус студии.

**Член 3**

Субвенцијата се доделува во форма на парична помош за упис на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола во износ од 200 евра во денарска противредност по студент односно по 100 евра во семестар.

**Член 4**

Исплатата на средствата се врши од Општина Велес директно на сметка на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола врз основа на доставено барање и ранг листа од страна на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“-Битола со прилог доказ за упис во прва година на прв циклус студии.
Технолошко-техничкиот факултет Велес, Универзитет „Св.Климент Охридски“- Битола има обврска да поднесува барање до Општина Велес пред почеток на секој семестар.

**Член 5**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес за секоја тековна година од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/6
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.131**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Правилник за начинот и постапката за организирање и одржување на Фестивалот на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“**

Се објавува Заклучокот за донесување Правилник за начинот и постапката за организирање и одржување на Фестивалот на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“, што Советот на Општина Велес го донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/5
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Правилник за начинот и постапката за организирање и одржување на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино – ПИТИЈАДА“**

1.Советот на Општина Велес го донесе Правилникот за начинот и постапката за организирање и одржување на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино – ПИТИЈАДА“.

2. Овој Заклучок во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/7
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26) на предлог од Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот на организирање и одржување на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - ПИТИЈАДА“**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот на организирање и одржување, како и начинот на формирањето, составот и надлежностите на организацискиот одбор на Гастрономско - туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - ПИТИЈАДА“.

Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - ПИТИЈАДА“ (во понатамошниот текст: манифестацијата) во смисла на овој правилник е промоција на локалната традиција, поддршка на угостителството и обезбедување квалитетна уметничка програма.

**Член 2**

Советот на Општина Велес со одлука формира организациски одбор на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - ПИТИЈАДА“ (во понатамошниот текст: одборот).

Одборот е составен од претседател-Градоначалникот и 10 (десет) члена, од кои 8 (осум) од редот на вработените во општинската администрација и 2 (двајца) од редот на членовите на Советот.

Мандатот на претседателот и членовите на одборот е една година од денот на именувањето.

На претседателот и членовите на одборот не им следува надоместок.

**Член 3**

Одборот е надлежен за планирање, координирање и реализација на манифестацијата, и тоа:

- одлучува за организирање и одржување на манифестацијата;
- подготовка на предлог-програма;
- усвојување на финансиски план;
- техничка поддршка;
- избор на музички изведувачи и дополнителна програма;
-координација со изведувачи, државни органи, институции, установи, претпријатија и поединци заради реализација на програмата и
-одлучува за висината на надоместокот за ангажираните лица и други трошоци, направени во врска со спроведувањето на програмата.

**Член 4**

Одборот работи на состаноци кои ги свикува претседателот.

Одборот одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

За вршење на работите од својата надлежност одборот изготвува записници, извештаи, предлози, иницијативи, заклучоци, известувања, барања и друго.

**Член 5**

Манифестацијата се одржува традиционално во вториот викенд во месец октомври, во траење од три дена, на локација утврдена од одборот.

Сите датуми поврзани со реализација на манифестацијата можат да бидат променети со Одлука на одборот.

**Член 6**

Одбор ја изготвува Програмата на манифестацијата, со рокови и финансиска конструкција. Програмата содржи музички дел, детска програма и други дополнителни активности.

Програмата треба да содржи програмски квалитет и популарност на учесниците со цел привлекување на туристи и промоција на локалниот економски развој.

**Член 7**

Финансиските средства за организација на манифестацијата се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес и Програмите на Општина Велес, за тековната година.

Манифестацијата може да биде поддржана од спонзорства/донации, за што ќе биде склучен посебен договор со спонзорот/донаторот согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Спонзорствата/донациите во вид на финансиски средства кои се наменети за активностите на манифестацијата, треба да бидат уплатени на сметката на Општината.

Општината води евиденција за примените спонзорства/донации и обезбедува нивно наменско користење во согласнот со законските прописи.

**Член 8**

За успешна реализација на програмата, во текот на организирањето и одржувањето на манифестацијата одборот соработува, координира и дава насоки на општинската администрација.

По завршувањето на манифестацијата, одборот изготвува наративен и финансиски извештај, кои треба да ги достави до Советот на Општина Велес најдоцна до крајот на тековната година.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/7
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.132**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за формирање на Организациски одбор на Фестивал на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“**

Се објавува Одлуката за формирање на Организациски одбор на Фестивал на велешка пита и вино „ПИТИЈАДА“, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/6
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 01/26)

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Организациски Одбор на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - ПИТИЈАДА“**

1. Со ова Решение се именува претседател и членови на Организацискиот одбор на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - ПИТИЈАДА“

За претседател се именува:

- Марко Колев, градоначалник на Општина Велес

За членови се именуваат:

- Александра Иванова, претставник на општинската администрација;
- Славче Велков, претставник на општинската администрација;
- Жарко Атанасовски, претставник на општинската администрација;
- Сашо Андреев, претставник на општинската администрација;
- Влатко Јаковлевски, претставник на општинската администрација;
- Дејан Таневски, претставник на општинската администрација;
- Маринела Велковска, претставник на општинската администрација;
- Надица Габерова, претставник на општинската администрација;
- Елизабета Митревска Анѓелеска, член на Советот на Општина Велес и
- Весна Атанасовска, член на Советот на Општина Велес.

2. Мандатот на претседателот и членовите на Организацискиот одбор на Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - ПИТИЈАДА“е 1 (една) година од денот на именувањето.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/8
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.133**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“**

Се објавува Заклучокот за донесување Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“, што Советот на Општина Велес го донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/7
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби**

1.Советот на Општина Велес го донесе Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби.

2. Овој Заклучок во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/9
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на културната манифестација „Рацинови средби“.

**Член 2**

Советот на Општина Велес со решение формира Организациски одбор на културната манифестација „Рацинови средби“.

Организацискиот одбор брои 5 (пет) членови и тоа претседател- градоначалникот и 4 (четири) членови-истакнати личности од областа на литературната дејност.

Мандатот на Организацискиот одбор е две години од денот на именувањето.

**Член 3**

Културната манифестација „Рацинови средби“ се одржува секоја година во седмицата пред или по 13 јуни-годишнината од смртта на Коста Солев Рацин.

Сите датуми поврзани со реализација на манифестацијата можат да бидат променети со Одлука од организацискиот одбор поради елементарна непогода или виша сила.

**Член 4**

Организацискиот одбор изготвува Програма за одржување на Културната манифестација „Рацинови средби“ со рокови и финансиска конструкција согласно финансиските средста за тековната година планирани во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата.

Програмата мора да оди во прилог на :

1. Афирмација на ликот и делото на Коста Солев Рацин.
2. Развивање на меѓународните контакти од областа на литературата.
3. Афирмирање на македонските литературни творечки дејности.
4. Афирмирање на достигнувањата на македонската литература и култура.
5. Афирмирање на литературните и културните вредности на народите од светот.

За реализирање на Програмата Организациски одбор се овластува да соработува со:

- институции од областа на културата од Република Северна Македонија и странство;
- манифестации од областа на културата од Република Северна Македонија и странство;
- здруженија и асоцијации од областа на културата од Република Северна Македонија и странство;
- државни органи и институции во Република Северна Македонија;
- други установи од интерес за успешна реализација на Манифестацијата.

**Член 5**

Организацискиот одбор врз основа на финансиската конструкција на Програмата донесува Одлука за исплата на хонорари и надоместоци за ангажирани лица, патни трошоци и друго.

**Член 6**

На културната манифестација „Рацинови средби“ се доделуваат две награди:
- „Рациново признание“ и
- „Почесно Рациново признание“.

**Член 7**

Организацискиот одбор најдоцна до 30 април во тековната година распишува конкурс за доделување на наградата „Рациново признание“ на автор од Република Северна Македонија за прозно дело објавено меѓу две средби во Република Северна Македонија.

Организацискиот одбор формира жири-комисија за оценување на делата пристигнати на конкурсот.

Жири-комисијата е составена од три члена-еминентни личности од литературната дејност и го врши изборот на добитникот на наградата.

Жири-комисијата донесува одлука за доделување на „Рациново признание“.

Наградата „Рациново признание“ се доделува само за едно дело и се состои од плакета и паричен износ во денарска противвредност на 1.000 евра.

**Член 8**

„Почесното Рациново признание“ се доделува на странски автор за афирмација и популаризација на македонската литература и култура надвор од границите на Република Северна Македонија.

Одлуката за доделување на Почесното Рациново признание ја носи Организацискиот одбор.

„Почесното Рациново признание“ се состои од плакета и паричен износ во денарска противвредност на 500 евра.

**Член 9**

Членовите на Организацискиот одбор за својата работа добиваат надоместок и тоа:

- претседател-21.000,00 денари
- член(поединечно)-15.000,00 денари.

Членовите на жири- комисијата за доделување на наградата „Рациново признание“ за својата работа поединечно добиваат надоместок во висина од 15.000,00 денари.

**Член 10**

Во текот на организирањето и реализирањето на Манифестацијата, Организацискиот одбор соработува и се координира со Одделението за јавни дејности и Одделението за поддршка на градоначалникот.

По завршувањето на Манифестацијата Организацискиот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

**Член 11**

Со влегување во сила на овој Правилник, Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес” бр.05/06,08/08,07/20 и 05/25), престанува да важи.

**Член 12**

Овој Правилник во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/9
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.134**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар - Шепа Кавадарци**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар - Шепа Кавадарци, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/8
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), а во врска со Одлуката за измена на Одлуката за избор на модел на управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање со арх.бр.02-148/7 донесена од Советот за развој на Вардарски плански регион на седницата одржана на ден 24.12.2025 година, и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 01/26),

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година донесе,

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци со бр.25-4864/21 од 28.11.2023 година донесена од Советот на Општина Велес.

**Член 2**

Член 8 став 1 алинеја 2 се менува и гласи:

„Од Буџетите на општините основачи на заедничкото претпријатие СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци на начин што секоја од општините ќе исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секои 3 месеци. Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители, односно врз основа на Модел за управување и организациона поставеност на прифатилиштето на регионално ниво бр.08-19/3 од 17.01.2023 и Одлука за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање бр.02-148/7 од 24.12.2025 година, донесена од страна на Советот за развој на Вардарски плански регион со што на годишно ниво изнесуваат:

- Општина Велес - 4.846.300,00 денари
- Опшина Кавадарци - 3.573.300,00 денари
- Општина Неготино - 1.819.400,00 денари
- Општина Свети Николе - 1.532.000,00
- Општина Демир Капија – 377.700,00 денари
- Општина Чашка – 794.200,00 денари
- Општина Градско – 323.300,00 денари
- Општина Лозово - 226.400,00 денари
- Општина Росоман - 379.600,00 денари

Одлуката во останатиот дел останува непроменета.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/10
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.135**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/9
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Секторот за внатрешни работи Велес се дава на користење просторија на КП 1766 со намена гаража, подрумски простории како дел од зграда 1 која во Имотен лист бр.23410 е запишана со вкупна површина од 132м$^2$, КО Велес сопственост на Општина Велес.

**Член 2**

Недвижниот имот се дава на времено користење за период до 3 месеци без надоместок.

**Член 3**

Просторијата се дава со цел складирање на материјали и инвентар кои се предмет на расход и спроведување на постапка за нивен расход во Министерството за внатрешни работи Скопје.

**Член 4**

При користењето на просторијата, корисникот не смее да дозволи да ја користат други лица.

Доколку корисникот нема потреба од користење на просторијата за целиот период кој е регулиран во член 2 од оваа Одлука, од страна на корисникот до Општина Велес ќе биде доставено известување и ќе се пристапи кон примопредавање на просторијата.

**Член 5**

За временото користење на просторијата од објектот утврден во член 1 на оваа Одлука, помеѓу Општината Велес и Секторот за внатрешни работи Велес ќе се состави Записник за примопредавање на просторијата.

Корисникот на просторијата е должен да ја врати на сопственикот во иста состојба како на денот на приемот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/11
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.136**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен” Велес**

Се објавува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен” Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/10
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 44 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), а во врска со Договорот за набавка на машина за бележење на хоризонтална сигнализација со арх.бр.05-4593/9 од 05.12.2023 година и Одлуката за давање на трајно користење движна ствар–машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен” Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/23) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ставање вон сила на Одлуката за давање натрајно користење движна ствар – машина за бележењена хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен” Велес**

**Член 1**

Се става вон сила Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен” Велес со арх.бр.25-5210/10 од 27.12.2023 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/23).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 09-2078/12
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.137**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/11
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 44 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), а во врска со Договорот за набавка на машина за бележење на хоризонтална сигнализација со арх. бр.05-4593/9 од 05.12.2023 година и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи” Велес

### Член 1

Со оваа одлука, Општина Велес дава на трајно користење движна ствар - машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи” Велес, со следните карактеристики:

1. Машина за одбележување патишта со нанесување на собраќајна боја Lazer V 5900 :

- Машина на три тркала, две назад едно напред ротирачко.
- Мотор мин 160 см3 со рачно палење.
- Гориво бензин
- Кормилско управување со подесување во висина и длабочина
- Клипна пумпа една
- Минимален проток на боја мин.5,8 лит/мин
- Континуиран притисок на при работа 220 bar до 240 bar.
- Пиштол еден автоматски со кратко црево ( за осовински линии), еден за мануелно работење со црево мин. 15 м ( за пешачки , стрелки и сл.).
- Уред за перли со резервоар и два дозери ( пиштоли)
- Систем за намалување на вибраци при работа
- Приклучок за погон за погонско придвижување.
- Насочувач за осовинско одбележување од 60 до 80 см.
- Компјутерски уред ( софтвер ), да прикажува :
• Проток на боја
• Аналогно или дигиталено мерење на притисок на боја
• Брзина на движење на машина
• Должина на одбележана површина
• Софтвер за полно испрекинатао одбележување према зададени параметри.
- Тежина на машината мах. 180 кг.
- Машината да исполнува стандарди и дерективи: ISO 9614, 2014/30/EU/ EMC Derective или еквивалентно.

2. Погонска машина содветна на машината за одбележување Line Driver 160cc:

- Погонска машина на две тркала и хидруличен систем на придвижување
- Мотор мин 160 см3 со рачно палење.
- Гориво бензин
- Систем за намалување на вибраци при работа
- Максимална брзина на погонот 18 km/h
- Машината да се движи напред /назад, со педала на лева и десна нога.
- Седло подвижно напред/ назад , прилагодливо према оператор.
- Да поседува и ножна сопирачка.
- Светлосна сигнализација ( светло ).
- Тежина на машината мах. 120 кг.
- Машината да исполнува стандарди и дерективи: ISO 3744, 2006/42/ EC Derective или еквивалентно.

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на движната ствар од член 1 на оваа одлука, Советот на Општина Велес го овластува Градоначалникот да склучи Договор со ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи" Велес.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес".

Број 09-2078/13
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.138**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/12
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Велес на ЈКП „Дервен“ – Велес му дава на трајно користење, без надомест движни ствари-пластични канти за отпад за домаќинствата во село, во зелена боја, со капацитет од 120 литри, во количина од 1.150 (парче).

Движните ствари од став 1 од овој член, се набавени преку проектот „Набавка на пластични канти за отпад за домаќинства во село“, со финансиски средства на Општина Велес и Министерство за локална самоуправа - Бирото за регионален развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 25/25).

**Член 2**

Се задолжува ЈКП „Дервен“ – Велес движните ствари од член 1 од оваа одлука, да ги распредели на домаќинствата во селата на подрачјето на Општина Велес, согласно Планот за распределба.

За примопредавањето на движните ствари, помеѓу Општина Велес и ЈКП „Дервен“ – Велес, ќе се состави Записник.

**Член 3**

Вредноста на движните ствари од член 1 од оваа одлука, е со вкупен износ од 1.153.450,00 денари со ДДВ.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/14
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.139**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Одлука за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес

Се објавува Одлуката за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/13
23.04.2026 година

Градоначалник
на Општина Велес

Велес Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024) и член 52 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Велес, определува дека на подрачјето на Општина Велес дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање се: грнчари, ковачи, опинчари, јажари, крзнари, шапкари, свеќари, венци, корпари, копчари, кујунџии, каменорезачи, клучари, саатчии, ткајачи, кондураџии, фурнаџии - фурна на дрва, рачна изработка на сита, изработка на филигран, накит и слични производи, производство на музички инструменти, резба на дрво и бакар, пирографија, изработка на народни носии, домашна ракотворба, ракотворби - изработка на сувенири и производство од хартија.

**Член 2**

На вршителите на занаетчиска дејност од член 1 од оваа одлука, им се утврдува правото на поединечна субвенција, во износ не повеќе од 15.000,00 денари, со вклучен персонален данок на доход, од Буџетот на Општина Велес во тековната година, од Програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој, Програма Г1 - Локален фонд за поддршка на мали бизниси, стари занаети и ракотворци.

**Член 3**

Условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, ќе бидат утврдени со Правилник донесен од страна на Градоначалникот на Општина Велес.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/15
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.140**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година**

Се објавува Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/14 Градоначалник
23.04.2026 година на Општина Велес
Велес Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24),член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26) и член 3 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор („Службен гласник на Општина Велес бр.8/22 и 6/24), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купен сончев термален колектор по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на сончевиот колектор, но не повеќе од 20.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Општина

Велес за 2026 година, Програма за евроинтеграции и локален економски развој за 2026 година, точка 5 „Мерки за енергетска ефикасност во објекти – Субвенционирање на сончеви колектори“, во износ од 500.000,00 денари.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор се утврдени во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор („Службен гласник на Општина Велес бр.8/22 и 6/24“), донесен од страна на Советот на Општина Велес.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/16
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.141**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен клима уред за 2026 година**

Се објавува Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен клима уред за 2026 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/15
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26) и член 3 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен инвертер

клима уред („Службен гласник на Општина Велес бр.8/22 и 6/24“), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10 - та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен инвертер клима уред за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен инвертер клима уред за 2026 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купен инвертер клима уред по лице се утврдува во износ од 30% од вредноста на Инвертер клима уред, но не повеќе од 15.000,00,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2026 година, Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година, Дел Р10, точка 3- Субвенционирање на физички лица - дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за: 3.2 купен инвертер клима уред во износ од 750.000,00 денари.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен инвертер клима уред се утврдени во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен инвертер клима уред („Службен гласник на Општина Велес бр.8/22 и 6/24“), донесен од страна на Советот на Општина Велес.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/17
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.142**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година**

Се објавува Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/16<br>
23.04.2026 година<br>
Велес

Градоначалник<br>
на Општина Велес<br>
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26) и член 3 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен велосипед („Службен гласник на Општина Велес“ бр.8/22 и 6/24), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2026 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купен велосипед по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 4.500,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2026 година, Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2026 година, дел Р10, точка 3. Субвенционирање на физички лица - дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за: 3.1. купен велосипед, во висина од 150.000,00 денари.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед се утврдени во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен велосипед („Службен гласник на Општина Велес“ бр.8/22 и 6/24), донесен од страна на Советот на Општина Велес.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/18
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.143**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Број 08-2079/17
23.04.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
## за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2078/19
23.04.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 38/05, 110/08, 118/08 и 51/11), член 99, став 1 алинеја 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24, 87/25 и 51/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2026 година

### I Вовед

### I.I Општ дел

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24, 87/25 и 51/26), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во сопственост на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и во сопственост на домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски.

Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се' она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено.

Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште заради привремена употреба на просторот, до реализација на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е објект од одбласта на сообраќајот (копнен, воден и воздушен), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

## I.II Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Велес, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2026 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Велес.

Со оваа програма се опфатени локалитетите во следнава урбанистичка документација:

1. Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместување-викенд населба- во КО Башино село и КО Новачани, Општина Велес, одлука бр. 27-4800/6 од 20.08.2015 година
2. Локална урбанистичка планска документација за Г2-лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП бр. 1877, КО Оризари вон град, Општина Велес, Решение УП бр. 1310-16 од 03.09.2022 година

3. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земја) „Грохот 1“ на дел од КП бр.10573/1, К.О. Велес, Општина Велес, Потврда УП бр. 1310-24 од 16.06.2023 година

4. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Грохот 2” на дел од КП бр.10573/1 К.О. Велес, Општина Велес, Потврда УП бр. 1310-25 од 16.06.2023 година

5. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Свети Илија 2” на дел од КП бр.14232/1 К.О. Велес, Општина Велес, Потврда УП бр. 1310-22 од 16.06.2023 годин

6. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Свети Илија 3” на дел од КП бр.14232/1 К.О. Велес, Општина Велес, Потврда УП бр. 1310-23 од 16.06.2023 година

**I.III Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежно земјиште се: Закон за локалната самоуправа член 36 став 1 („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/05, 110/08, 118/08 и 51/11), член 99, став 1 од Закон за градежното земјиште („Сл.весник на РМ“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26)

- **Основни плански документи**

Други документи потребни кои се користени за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- **Генерален урбанистички план** на Град Велес за плански период од 2003 до 2018 година.
- **Урбанистички планови за населените места ,урбанистичко плански документации и урбанистички проекти**
- **Програма за изработка на урбанистички планови во 2026 година**
- **Други стратешки документи**

**I.IV Лица вклучени во изработка на Програмата**

Петре Цилаков - Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

Роза Здравева- Раководител на одделение за урбанизам

Ангела Чичевалиева – Виш соработник за организационо-технички работи

Марија Рунтева - Советник за организационо- технички работи од областа на урбанизамот

**II Цели на Програмата**

**II.I Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

**II.II Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

**III Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата**

**III.I Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање**







Друштво за геодетски работи
ГЕОБИРО БОРЧЕ ДООЕЛ Велес
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
КО ВЕЛЕС
K.O. Raštani
588
GROOT
10573/1
15/1
ЛЕГЕНДА:
ВЛЕЗ ВО ПАРЦЕЛА
ПАРКИНГ
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА (нема)
ПОСТОЈНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА (нема)
ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ (нема)
ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
ВКУПНО 65133 53705 53705 82 0,82
Друштво за геодетски работи ГЕОБИРО БОРЧЕ ДООЕЛ Велес
улица Панко Брашнар број 6
e-mail geobiroborce@yahoo.com
Управител дипл.геод. инж. Борче Јовевски
Објект Ажурирана геодетска подлога
Катастарска општина Велес
Барател Општина Велес
Предмет број 0805-135/5
Соработник Марјан Сарагинов
Датум Мај 2022 година
ЛЕГЕНДА
ГРАНИЦА НА КАТ.ПАРЦЕЛА
БРОЈ НА КАТ. ПАРЦЕЛА
ПРОЕКТЕН ОПФАТ
ВИСИНА НА ДЕТАЛ
ЗНАК ЗА ПРИПАДНОСТ
Изработил: Марјан Сарагинов
Dizajn Centar Inzenering


Друштво за геодетски работи
ГЕОБИРО БОРЧЕ ДООЕЛ Велес
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
КО ВЕЛЕС
K.O. Raštani
588
GROOT
10573/1
15/1
ЛЕГЕНДА:
ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
ВКУПНО 65133 54106 54106 83 0.83
Друштво за геодетски работи ГЕОБИРО БОРЧЕ ДООЕЛ Велес
улица Панко Брашнар број 6
e-mail geobiroborce@yahoo.com
Управител дипл.геод. инж. Борче Јовевски
Објект Ажурирана геодетска подлога
Катастарска општина Велес
Барател Општина Велес
Предмет број 0805-135/5
Соработник Марјан Сарагинов
Датум Мај 2022 година
ЛЕГЕНДА
ГРАНИЦА НА КАТ.ПАРЦЕЛА
БРОЈ НА КАТ. ПАРЦЕЛА
ПРОЕКТЕН ОПФАТ
ВИСИНА НА ДЕТАЛ
ЗНАК ЗА ПРИПАДНОСТ
Изработил: Марјан Сарагинов
Dizajn Centar Inzenering




| Нум. град. парц. во опфат | Површина на градежна парцела m² | Бр. на градба | | Површина за градба m² | Бруто развиена површина m² | Процент на изград. (%) | Коеф. на искорист. | Основна класа на намена | Компат. класи на намена | Катност | Макс. висина на градба (m) | Бр. на паркинг места | Паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | 30000 | 1 | | 18594 | 18594 | 61.98 | 0.620 | Е1.13 | Е1.8 | П | 4.5m | во проект. докум. | во парцела |
| | | | 3 | 38 | 38 | 0.13 | 0.001 | Е1.8 | / | П | 4.5m | / | / |
| | | | 4 | 33 | 33 | 0.11 | 0.001 | Е1.8 | / | П | 4.5m | / | / |
| | | 2 | | 2761 | 2761 | 9.20 | 0.092 | Е1.13 | Е1.8 | П | 4.5m | во проект. докум. | во парцела |
| ВКУПНО | 30000 | | | 21427 | 21427 | 71 | 0.71 | | | | | | |




| Нум. град. парц. во опфат | Површина на градежна парцела m² | Бр. на градба | | Површина за градба m² | Бруто развиена површина m² | Процент на изград. (%) | Коеф. на искорист. | Основна класа на намена | Компат. класи на намена | Катност | Макс. висина на градба (m) | Бр. на паркинг места | Паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | 29388 | 1 | | 21126 | 21126 | 71.89 | 0.719 | Е1.13 | Е1.8 | П | 4.5m | во проект. докум. | во парцела |
| | | | 2 | 49 | 49 | 0.17 | 0.002 | Е1.8 | / | П | 4.5m | / | / |
| | | | 3 | 46 | 46 | 0.16 | 0.002 | Е1.8 | / | П | 4.5m | / | / |
| ВКУПНО | 29388 | | | 21221 | 21221 | 72 | 0.72 | | | | | | |

**III.II Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)**

| број на градежна парцела | вкупна површина на градежна парцела ($м^2$) | намена на земјиштето | намена на земјиштето (опис) | броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела | површина на градба ($м^2$) | бруто развиена површина (во $м^2$) | процент на изграденост | коефициент на искористеност на земјиштето | максимална дозволена висина (во м) | катност | Урбанистички план | Населено место |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.01 | 832 | А4 | Времено сместување | КП бр. 20/1, КО Башино село-вон г.р., | 229,86 | 459,72 | 27,62 | 0,55 | 7 | П+1 | Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместување-викенд населба-во КО Башино село и КО Новачани | Езеро Младост |
| 1.12 | 687 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 202,50 | 405 | 29,44 | 0,59 | 7 | П+1 | Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместување-викенд населба-во КО Башино село и КО Новачани | Езеро Младост |
| 1.14 | 741 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 244,60 | 489,20 | 32,99 | 0,66 | 7 | П+1 | Урбанистички план вон населено место за | Езеро Младост |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | изградба на комплекс со намена А4-времено сместува ње-викенд населба-во КО Башино село и КО Новачани | |
| 1. 15 | 602 | А 4 | Вре мено смес тува ње | КП бр. 493/9, КО Новачани | 26 1,7 9 | 52 3,5 8 | 43,4 2 | 0,87 | 7 | П+1 | Урбанисти чки план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместува ње-викенд населба-во КО Башино село и КО Новачани | Езеро Млад ост |
| 1. 16 | 909 | А 4 | Вре мено смес тува ње | КП бр. 493/9, КО Новачани | 21 7,5 1 | 43 5,0 2 | 23,9 1 | 0,48 | 7 | П+1 | Урбанисти чки план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместува ње-викенд населба-во КО Башино село и КО Новачани | Езеро Млад ост |
| 1. 17 | 694 | А 4 | Вре мено смес тува ње | КП бр. 493/9, КО Новачани | 24 2,5 1 | 48 5,0 2 | 34,9 0 | 0,70 | 7 | П+1 | Урбанисти чки план вон населено место за изградба на комплекс | Езеро Млад ост |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | со намена А4-времено сместува ње-викенд населба-во КО Башино село и КО Новачани | |
| 1. 18 | 685 | А 4 | Вре мено смес тува ње | КП бр. 493/9, КО Новачани | 18 7,0 2 | 37 4,0 4 | 27,2 8 | 0,55 | 7 | П+1 | Урбанисти чки план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместува ње-викенд населба-во КО Башино село и КО Новачани | Езеро Млад ост |
| 1. 19 | 1 060 | А 4 | Вре мено смес тува ње | КП бр. 493/9, КО Новачани | 18 4,9 3 | 36 9,8 6 | 17,4 4 | 0,35 | 7 | П+1 | Урбанисти чки план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместува ње-викенд населба-во КО Башино село и КО Новачани | Езеро Млад ост |
| 1. 0 | 6 263 | Г 2 | Лесн а и неза гаду вачк а инду стриј а | Дел од КП бр. 1877, КО Оризари вон град | 2 00 3 | 40 07 | 32 | 0,6 | во зависно ст од техноло шкиот процес | П | Локална урбанисти чка планска документа ција за Г2-лесна и незагадув ачка индустриј | Ориза ри-вон град |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | а на дел од КП бр. 1877, КО Оризари вон град, Општина Велес | |
| 1.1 | 65 133 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр. 10573/1, КО Велес | 53705 | 53705 | 82 | 0,82 | 4.5 | П | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земја) „Грохот 1“ на дел од КП бр.10573/1, К.О. Велес, Општина Велес | Грохот |
| 1.1 | 65 133 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр. 10573/1, КО Велес | 54106 | 54106 | 83 | 0,83 | 4.5 | П | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Грохот 2” на дел од КП бр.10573/1 К.О. Велес, Општина Велес | Грохот |
| 1.1 | 30 000 | Е1. | Површински сола | дел од КП бр.14232/1 КО Велес | 21427 | 21427 | 71 | 0,71 | 4.5 | П | Урбанистички проект вон опфат | Свети Илија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 13 | рни и фото волтаични електрани | | | | | | | | на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Свети Илија 2” на дел од КП бр.14232/1 К.О. Велес, Општина Велес | |
| 1.1 | 29388 | Е1.13 | Површински соларни и фото волтаични електрани | дел од КП бр.14232/1 КО Велес | 21221 | 21221 | 72 | 0,72 | 4.5 | П | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Свети Илија 3” на дел од КП бр.14232/1 К.О. Велес, Општина Велес | Свети Илија |

**III.II.I. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање**

**Табела со следните информации**:

| број на градежна парцела | вкупна површина на градежна парцела (во м$^2$) | намена на земјиштето (основна класа) | намена на земјиштето (опис) | броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела | површина на градба (во м$^2$) | бруто развиена површина (во м$^2$) | процент на изграденост | коефициент на искористеност на земјиштето | максимална дозволена висина (во м) | катност | почетна/утврдена цена по метар квадратен (денари) | вкупна почетна/утврдена цена (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.01 | 832 | А4 | Времено сместување | КП 20/1, КО Башино село-вон г.р., | 229,86 | 459,72 | 27,62 | 0,55 | 7 | П+1 | 283 | 235.456,00 |
| 1.12 | 687 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 202,50 | 405 | 29,44 | 0,59 | 7 | П+1 | 283 | 194.421,00 |
| 1.14 | 741 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 244,60 | 489,20 | 32,99 | 0,66 | 7 | П+1 | 283 | 209.703,00 |
| 1.15 | 602 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 261,79 | 523,58 | 43,42 | 0,87 | 7 | П+1 | 283 | 170.366,00 |
| 1.16 | 909 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 217,51 | 435,02 | 23,91 | 0,48 | 7 | П+1 | 283 | 257.247,00 |
| 1.17 | 694 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 242,51 | 485,02 | 34,90 | 0,70 | 7 | П+1 | 283 | 196.402,00 |
| 1.18 | 685 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 187,02 | 374,04 | 27,28 | 0,55 | 7 | П+1 | 283 | 193.855,00 |
| 1.19 | 1 060 | А4 | Времено сместување | КП бр. 493/9, КО Новачани | 184,93 | 369,86 | 17,44 | 0,35 | 7 | П+1 | 283 | 299.980,00 |
| 1.0 | 6 263 | Г2 | Лесна и незагадувачка индустрија | Дел од КП бр. 1877, КО Оризари вон град | 2 003 | 4007 | 32 | 0,6 | во зависност од технолошкиот процес | П | 61 | 382.043,00 |
| 1.1 | 65 133 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволта | дел од КП бр. 10573/1, КО Велес | 53705 | 53705 | 82 | 0,82 | 4.5 | П | 61 | 3.973.113,00 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ични електрани | | | | | | | | |
| 1.1 | 65 133 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр. 10573/1, КО Велес | 54106 | 54106 | 83 | 0,83 | 4.5 | П | 61 | 3.973.113,00 |
| 1.1 | 30 000 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр.14232/1 КО Велес | 21427 | 21427 | 71 | 0,71 | 4.5 | П | 61 | 1.830.000,00 |
| 1.1 | 29 388 | Е1.13 | Површински соларни и фотоволтаични електрани | дел од КП бр.14232/1 КО Велес | 21221 | 21221 | 72 | 0,72 | 4.5 | П | 61 | 1.792.668,00 |
| | | | | | | | | | | | **13.708.367,00 денари** |

**IV Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Во рамките на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2026 година, за промоција на Општината предвидени се средства од Буџетот на општината, од кои ќе се користат и средства за реализација на информативни кампањи за продажба на градежно земјиште.

**V Динамика на реализација на Програмата**

